# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 август 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,00 часот.

Со продолжениeто на седницата претседава господинот Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари.

Бидејки претставникот на Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на закон, поминуваме на претрес по Предлогот на законот за спречување на перење на пари.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Расправата по овој закон ја започнавме, водевме, се договаравме околу некои нејаснотии со претседателот на Собранието, но по се изгледа не се разбравме или не сакавме да се разбереме, но во секој случај да ја продолжиме, да укажеме на нашите сугестии бидејќи Владата не го прифати тој дел, да достави извештај врз основа на расправата која се водеше во овој Парламент некаде во јули, август 2000 година, кои се прифатени, кои не се прифатени, зошто не се прифатени и тогаш ќе одевме на Предлог на закон, но сега расправаме по Предлог на закон Покрај сето тоа, бидејќи деловнички не го расчистивме, но мнозинството одлучи да продолжи расправата и од страна на Министерството таа обврска не е исполнета, особено од Владата. Владата, и тогаш кажавме и сега притисната од ММФ го даде овој закон и јас и тогаш кажав и сега, полоша верзија од првата, без укажување и сигурно полоши решенија, но во расправата ќе се одбидам да ги објаснам.

На почетокот би сакал да укажам на сите пратеници дека Македонија е единствена земја од Бившите земји од комунистичкиот свет кока нема донесено закон за перење на пари, иако Република Македонија постапката ја започна многу порано од другите држави од источните земји, некаде 1ее7 година, но до ден денес немаме закон за перење на пари,што претставува опасност Република Македонија да биде ставена на црната листа на сите меѓународни организации, меѓународни здруженија, особено на обврските превземени од Советот на Европа, Македонија да биде третирана како пералница на пари, како некои земји и затоа постои обврската да го донесеме овој закон.

Прашањето можеме да го дискутираме, можеме да расправаме зошто не е донесен овој закон. Тука пак треба Владата да одговори зошто се молчеше во 2001 година, кога Парламентот ја изврши својата задача не го достави тој закон и тоа е вината. Во секој случај како сакаме да укажуваме е на бирократијата, на Владата, немарноста или во некој фиоки беше зафрлен овој закон, собираше прашина. Тоа е едното прашање.

Второто прашање што треба да го утврдиме и да се потсетиме малку дека овој закон е дел од пакетот на антикоруциски закон. Овој закон се најавуваше во Парламентот, се заплашуваше, поминаа многу министри, измешани, се караа министрите кој е надлежен Министерство за финансии, Министерство за правда, но ова е поединечен закон. Ги наме другите делови на антикорупциското законодавство кое во пакет беше понудено, Го нема за државната администрација, корупци јата, го нема антикорупцискиот закон, еден цел пакет. И тоа треба да го слушенеме од претставниците на Владата со која динамика, бидејќи овој закон не ја извршува сам по себе својата задача. Не ја завршува, Не ја завршува оваа задача бидејќи Законот врз основа на одредени сознанија, врз основа на сознанијата што се водеше расправата во овој Парламент во работните тела можам да укажам и да го потврдам во одредени решенија бидејќи ние имаме поднесено и одредени амандмани, јас лично и пратеничката група на СДС и може да се рече во основа решенијата кои ги нуди овој закон се недоречени и тешко ке бидат применливи во пракса. Односно тие се неизвесни. Не би сакал да давам потешка квалификација и да речам дека дури тие се и конфузни решенија кои се нудат со овој закон.

Би се осврнал на неколку решенија кои ги нуди законот, а тоа е, немаме основа независно од тело. Нема независно самостојно тело кое ќе се занимава со едно од најголемите зла во современата економија а тоа е перењето на пари. Ние со овој закон формираме Агенција аз перење на пари во состав на Министерството за финансии. Има својство на правно лице, но таа е независна. Во сите институции, барем сознанијата кои ги имаме ние и јас колку што ги имав треба да биде независна агенција која ќе ги прати финансиските трансакции, целосно ќе ги следи и ќе ги предадат врз основа на решенијата на овој закон на другите надлежни органи, а тоа е Министерството за внатрешни работи или на Јавното обвинителство.

Еден од другите проблеми што со овој закон за кој мислам дека е недоречен и тешко применлив е тоа што во Република Македонија треба да се гледа паралелно со изградениот банкарски систем.Министерот како човек кој ги разбира, прати, следи и е задолжен за таа работа, иако законот нема да ги толерира или санкционира сите обични санкции, знаат 10 илјади евра кој купил кола, и целта на овој закон е во основа перењето на пари, континуитетот на перењето на пари. На граѓаните да им кажеме да не се плашат, да не брзаме, но системот во Република Македонија во оваа состојба на банки, особено со преоѓањето на старата девизна штедња во однос н другите штедилници *со* еден збор треба да кажеме граѓаните се изгорени од своето штедење и подолг период парите не ги даваат. Тоа мораме да го решиме со овој закон и во овој Парламент и министерот да каже ан македонската јавност дека голем дел на пари граѓаните ги чуваат едноставно под перница. Се претпоставува, камо и да е така, како и да има повеке од милијарда, дури некои аналитичари велат дека ќе има 2 милијарди марки скриени пари кои во секој случај треба да се уфрлат во системот и тие пари за одреден рок од примена на законот, треба да ги стимулираме граѓаните барем да ги поминат преку банкарскиот систем. Тоа мора да го решиме или со одредено толкување, или изјавата на министерот. Сигурно ќе ги натера да размислуваат. Повеќе што сме во една фаза со претворање, бидејќи во Република Македонија основно средство за штедење или под перница или под душек е марката до 1 јануари по фиксен курс треба да се претвори во евра. Заеднички со тој дел треба да направиме операција да не ги плашиме граѓаните што заштедиле, продале. Во Република Македонија се штеди или 50 или 60 годиии, штеделе од устата за одредени трансакации, луѓето што сакаат да имаат и пак ќе повторам камо во Република Македонија да има што повеќе скриени пари во перници, да не се пере во овој понов период бидејќи во претходниот период можеше да се зборува, но беше многу тешко.

Тој проблем во Република Македонија треба да го расчистиме на оваа седница и на граѓаните да им дадеме јасна порака. Ако има некој 50 илјади марки, и да има 100 илјади, 30, 20 илјади да не се плаши дека со донесување на овој закон ќе биде пријавен ќе биде малтретиран бидејќи мораме да кажеме дека овој закон за одредени личности, граѓа-ни може да носи тешки трауми. Ти некого да го осомничиш, да го повикуваш дека пери пари, а тој тие пари ги собирал тоа е тешко и треба да има обратни мерки. Законите за перење на пари и подлагање на кривични санкции се доста ригорозни. Треба да му дадеш нормално обештетување ако не докажеш дека пери пари, дека тие пари треба да ги докаже.

Уште еден проблем што треба да го расчистиме е роковите за примена на овој закон. Јас сваќам дека треба да го донесеме овој закон пред меѓународните институции, особено ММФ да му кажеме дека донесовме закон, а законот ќе се применува барем по старото решение и објаснувашето на министерот од март 2002 година, бидејќи објаснувањата на министерот што ги слушнавме во воведниот збор кажа дека треба време, треба средства, треба луѓе за формирање на агенцијата.

Ние имаме два амандмани. Една група на амаднмани јас имам поднесено, а тоа е овој закон со влегување во сила да се применува и со тоа што другиот амандман дава можност до формирање на агенци-јата работите да ги извршува Министерството за финансии. Друг проблем е амаднманот кој е поднесен од Пратеничката група на СДС кој бара примената на овој закон да се врати од воведување на плурализмот во Република Македонија, од првите повеќепартиски избори.

Во Република Македонија често и во овој Парламент се кажуваше за збогатување, нелегално перење на пари. Ако сакаме да опфатеиме еден период ние му даваме ретроактивно дејство на овој закон, што не е пракса и уставно правна регулирана мерка, но Уставот зборува за давање на ретроактивно дејство Ретроактивното дејство кога ќе дојде тој амаднман јас ќе го образложам е поповолно

за граѓаните. Овој Парламент треба да расчисти секој момент дали сака во овој последователен период од 10 години во Македонија да бидат расчистени сите дилеми, кој створил пари,кој створил пари со перење, со нелегални трансакции и слично. Таа можност ја дава ако има расположение. Инаку ќе остане сенката дека оваа власт која сега владее и која беше до Владата на широка коалиција го донесува законот во ова време а да се применува кога ќе се формира нова влада, после новите избори. Тоа останува, дали ние сакаме да го прифатиме или не.

Уште повеќе би сакал да укажам на одредени елементи што и досега во Република Македонија не беше проблематично со кривичниот законик дека постоење на мерка во кривичниот законик постои мерка перење на пари кое е казниво дело. За тоа зборуваше министерот. Во една изјава, ќе се обидам да го цитирам министерот вели дека се ова што се случува во последно време особено со трансакциите со фирмите со продажбата на фирмите, па и партиските со донесување на Одлуката на Уставниот суд немаше да се случуваат такви трансакции доколку беше донесен Законот за перење на пари. Во таа смисла ми е изјавата и тој смета дека такви инструменти, и тој самиот смета дека точно е дека во Република Македонија согласно кривчниот законик постои инкриминирано кривично дело перење на пари. Да не зборуваме дека и досега банките врз основа на својата деловна тајна, органите за прогон обвинителство, Министерството за внатрешни работи немаат никакви овластуваша. Имаат овластувања но немаат одредени механизми на пратење на финасиските трансакции. Тоа е особено пред се со деловната тајна во банките и контролирање на секоја трансакција во делот на платниот промет.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (Продолжение)

Ние знаеме дека голем дел од земји, кои важат како перилници на пари, не одат преку легалните институции, туку одат преку некои меѓународни институции. Тоа се тешко откривливи дела.

Меѓутоа, сметам дека таквото прифаќање од страна на Република Македонија на одреден амандман, врз основа на законски услови, би дошло до одредено излегување и на сите досегашни власти и на нас пратениците и на сите. Затоа сметам дека и Министерството и пратениците со свој амандман и доизградување, особено со регулирање на примената на овој закон ќе дадеме свој придонес, иако не во една атмосфера, сметам дека овој закон е доста важен. Но, не го гледам во ниедно работно тело да се расправа. На Парламентот Не треба да му биде практика, а исто така не може ни министерот да дозволи да се усвои еден закон, доколку нашите колеги, кои се стручни, не расправале на надлежната комисија. Тие работи таму треба да се расчистат. Колку сакаме да продаваме маркетинг овде, Не можеме тие прашања да ги расчистиме. Но можеме да расправаме на матичните тела. Меѓутоа, за тоа на тие Тела не се расправало. Овој закон се пушти по итна постапка, доби друг тек, па стана предлог на закон, со одредени големи критики, дека владата не смее да дозволи таков закон, како што рече претседателот на Собранието, па јас не сум тој што ќе следам, Владата да води грижа. Парламентот расправаше пред година дена, а Владата не обрнала внимание или не видела. Пред правен преседан е овој закон во Република Македонија. Ние сме гледале закони од претходниот Парламент, па сме Се надоврзувале. Со овој закон е направен таков правен преседан, без разгледување на работните Тела, односно Не е разгледуван на ниедно работно тело. Сега ние сме овде условени. Јас го сфаќам минисггарот. Меѓутоа, Сега сме условени и јас незнам дали е истата состојба. Треба да Се објасни со ММФ, дали е нешто изменето во овие услови. Незнам јас како да предложам. Дали да ја одложиме расправата, или да не ја одложиме.

Доколку министерот не е услов и мислам дека министерот треба да објасни дали останува на рок од март 2002 година. Тоа е многу битно.

Поминаа три месеци од кога не е расправано. Дали овој период што остана од 6 месеци, ќе биде доволен да го имплементира законот, односно, дали тие рокови остануваат и да направиме одредена расправа. По расправата незнам дали би можеле да интервенираме, а имаме доста недоречености, бидејќи овој закон кој ќе го донесеме не е туку така да го донесеме, ќе треба да го имплементираме и сигурно ќе подлежи на контрола од меѓународните институции. Тоа се голем број организации од оваа сфера, постојат многу конвенции, меѓутоа, министерот може да каже дека е

усогласено мислењето од Советот на Европа, но сигурно дека ќе го надградуваме. Ние треба да создадеме услови за оваа постапка и да им објасниме на граѓаните, оние кои имаат заштеди и чесно ги штеделе со години, за кои може тешко да имаат доказ, фактички да речеме, некој ако заштедил 30.000 - 50.000 ДЕМ, ги штедел 20, 15 години, доколку почне да се истражува, ако помнеме во акција, јас мислам дека со овој закон не може тоа да се докаже. Со овој закон ќе се прогонуваат тие што перат пари нелегално. За граѓаните не е проблем дали ќе купат една кола, тоа сигурно е регуларно. Јас имам толку за овој дел. Во амандманската расправа ќе се вклучам повторно.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Гештаковски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Би сакал уште еднаш да се осврнам накратко, бидејќи еднаш јас дадов вовед во законот, меѓутоа, бидејќи имаеше дискусија, сакам да одговорам на одредени дилеми.

Најправин беше поставено прашањето околу претходниот закон. Зошто претходниот закон е многу изменет? Сакам да ве уверам дека претходниот закон беше исто така на експертиза и се даде одговор од меѓународни финансиски институции и се дадоа забелешки од Советот на Европа кои што беа поголеми од самиот закон.

Значи, на крајот, кога ги добивме забелешките, забелешките беа многу повеќе отколку што беше самиот закон. Од таа причина, се одлучивме да одиме на поголема промена на законот и ангажиравме меѓународни експерти, кои го направија нацртот, односно експерти кои работеа на нашиот закон за банки. Тогаш беа ангажирани луѓе од Светската банка, сега ние ги ангажиравме.

Околу антикорупцискиот закон 6и сакал да спомнам дека тој е влезен во владина процедура и дека веројатно, ќе се најде на наредната седница на Владата. Требаше да се најде на дневен ред на оваа седница, меѓутоа се очекуваше мислење од неколку министерства, за да се најде комплетно пред Владата.

Инаку, овие два закона не мора да бидат поврзани, бидејќи антикорупцискиот закон се однесува пред се, на државната администрација. Додека законот за спречување на перење на пари Се однесува на сите оние лица, кои се обидуваат да перат пари. Тоа може да се разни физички или правни лица. Таму, во тој закон има други регулации за министрите, за пратениците и т.н., што треба, како треба, да го претстават имотот. Тоа е материја која може да се сфати од иста сфера, но не е поврзана и која може да се носи.

Околу дилемата што беше дека ова не е самостојно тело и дека на други места е самостојно тело, ние тоа го проверивме во повеќе држави и можам да ви кажам дека секаде е идентично или слично. На пример, во Грција е Комитет кој што е под Министерството за финансии, во Хрватска исто така под финансии, во Слвоенија е Агенција, во Полска е Генерален инспекторат. Има можеби нешто под МВР, или под Правда, меѓутоа, не е во таква состојба, во која всушност вие сакате да кажете. Ниту пак во препораките на ФАТАХ е предвидено такво нешто да биде така.

Се отвори дилема околу парите што се чуваат во фирмите и дека има традиција во Република Македонија многу граѓани да ги чуваат парите дома.

Јас побарав да дадам изјава и би било добро граѓаните да ја чујат дека овој закон нема никаква идеја да ги загрози граѓаните, на некој начин нивните пари што ги штеделе, штеделе да не можат да ги користат.

Прво, тие пари што ги штеделе граѓаните, во најголем број се германски марки, или некои други европски валути, кои што како и да е, ќе мора да ги заменат. Сакале или не сакале, тие ќе мораат да ги донесат во банка, некои може да ги оставаат во банките, а некои може и да ги повлечат, меѓутоа, ќе мора да ги извадат од перниците. Некои можеби, имаат пари, кои не се од европската монетарна зона и за нив, секако, дека нема да може да важи овој закон, бидејќи обвинението перење пари, не е само ако се направи трансакција, туку тоа треба да се докаже. Не значи ако некој извади 100 илјади марки и направи трансакција, дека по дефиниција пере пари. Има судски постапки и тн.,

каде што треба да се докаже дека некој перел пари.

Така што, уште еднаш би укажал, дека граѓаните кои чесно си ги заработиле парите, не треба да стравуваат.

Ова за што спомнавте за формирање на агенција, дека работите треба да ги врши Министерството за финансии, тоа практично е невозможно. Што ќе се случи? Ние ќе бидеме претрупани со факсови секој ден од сите банки, што имаат трансакции поголеми од 20 илјади евра, меѓутоа, тоа не може да се направи без обучен кадар, без организација и тн. Според тоа, нема да се постигне ефектот доколку кажеме дека од денеска тоа е воведено. Ниту пак, меѓународните институции бараат ние кога ќе го донесеме законот веднаш да стапи на сила. Никаде тоа не се случува. Прво се донесува закон, па после тоа подзаконските акти, па се формира тело, во случајов, даи агенција, па треба да се донесат 6-месечни програми, па да се примат кадри,па да се обучат кадри. Незнам дали сте прочитале некоја од моите изјави,најчесто изјавував дека овој период е дури и краток. Неколку експерти ми кажаа дека се работи за исклучително краток период од 6-7 месеци, меѓутоа прашање е дали ќе се стигне за тој период.

Конечно беше спомнато овој закон да важи од 1991 година, меѓутоа, јас не знам што е идејата, но колку што знам, ова не е спротивно на Уставот. Освен тоа, дури и да има некоја можност во Уставот, доколку е нешто многу важно, и во таков случај граѓаните имаат право да го изберат поповолниот момент, односно поповолниот закон. Според тоа, нема да има никаков ефект едно вакво решение.

Штета е што 1991 - 1992 - 1993 и 1994 година не се донел овој закон. Тогаш да се донел, ќе беше нешто друго. Јас најискрено жалам за тоа. Тоа би било за она што сакав да одговорам.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Реплика побара господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во основа, се согласуваме со министерот за тоа дека имаме цел да Законот да го надградиме и го спроведеме. Меѓутоа, јас многу жалам, дури и повеќе од министерот што овој закон не е донесен. Не е донесен 1998, 1999 и не е донесен 2000 година.

Правниот систем во Република Македонија се надградуваше врз основа на Уставот и доколку мислеше министерот за 1994, 1995, 1996 година, тогаш се носеа други закони. овој закон беше планиран да се донесе 1999, 1999 година. Добро беше да се донесе и 1994 година. Меѓутоа, тоа што не е донесен е катастрофа. За тоа се знае кој ја носи одговорноста.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг се јавува за збор?

Има збор господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би се придружил кон ставот на колегата Гештаковски, околу ретроактивното важење на Законот. Институцијата забрана за важење на Законот за наназад е цврста институција и гаранција. за еден правен систем.

Меѓутоа, ако навистина од овој аспект е мотивот за противењето на господинот Гештаковски, јас го поддржувам. Но, ако е од аспект на страв дека некој перел пари, па сега, преку институциите се штити, тогаш навистина не ми е јасно зошто е толкаво залагање. Просто правило е дека уставна гаранција во Република Македонија е законите да можат да важат и да се изведува правно дејство, за граѓаните, само ако одат во нивна полза. 0вде се работи за казнување и превземање Мерки, кои предизвикуваат обврски и тогаш, таков закон не можеМе да изгласаме. Тој е спротивен од Уставот.

Значи, овде имаме две работи: Дали е мотивот неважење према примена на Уставот, или страв од одговорност.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас ќе ви го кажам тоа што вие го знаете. Во нашиот Кривичен законик постои Цела глава за Перење на пари и други противправни дејствија за имотна корист. Дури и министерот се обиде да објасни.

Мене не ми е јасно влегување во правна сила на актите од Собранието, како влегуваат и какво Дејство имаат.

Ако сакате да докажеТе дека не е во корист на граѓаните на Репулика Македонија, сите оние кои преку

нелегални трансакции оствариле огромна корист, тоа не можете да го кажете.

Уставното решение е многу јасно. Парламентот со посебно гласање, односно со посебно изјаснување, може да му даде ретроактивно дејство на одреден закон, доколку е поповолно за граѓаните. Доколку од ова некој сака да се сокрие, ако ги прашате граѓаните, оние што од оваа држава земале, правеле трансакции, односно переле пари, треба да се преиспитаат и оние кои се виновни да се казнат, самите вие одлучете. Сигурно вие велите дека за граѓаните е поповолно. За институтот поповолно, ќе цени Парламентот. До сега нема друго регулирано. Ние сме донесувале закони, меѓутоа, ова е специфично, меѓутоа за граѓаните во тој случај, доколку ние сакаме а имаме и Кривичен законик, со овој закон можеме да ги утврдиме само механизмите. И министерот и Владата, сите за тоа укажуваат. Кривичното дело перењето на пари постои. Но, нема одредени финансиски механизми да можат да се контролираат. Тука е проблемот. Но, со овој закон тоа ги оспоруваме.

За тоа треба Парламентот да оцени. Проблематично е ретроактивно, меѓутоа е поповолно. Дали Уставниот суд ќе го прифати или не, за тоа јас не можам да кажам. Но, од овој аспект е прифатливо за граѓаните. Постои инкриминирано дело, но нема механизми. Немаат обврска банките да известуваат, за секоја трансакција на 10-20 илјади евра да се известуваат. Досега тоа го немаше. Но, тоа не можеа да го прават и органите за прогонот. Затоа, бараме ретроактивно, доколку се има желба овој Парламент. Вашиот начин на укажување дали некој се крие, или не се крие, ние не бараме од 1999 година. Доколку сакаме, ќе кажеме 1999. Ние бараме од плурализмот, кога во Република Македонија се создадоа услови за инкриминирани дела. Тоа стои и во сите анализи. Да ги земеме анализите. Другите не следат, не објавуваат. Не сме на највисоко ниво, но сме некаде. Затоа го бараме тој дел.

**SВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Таки Фири.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас имам само една сугестија. Сакам да го искористам присуството на министерот и неговите соработници. За мене, рокот на примена на законот е многу значаен, повеќе од друг аспект. Мене колку што ми е познато Советот на Европа треба во октомври да го разгледува рипортот, што се однесува за Република Македонија, за прогресот направен во доменот на донесувањето и имплементацијата на регулативата против спречување на перење на пари. За мене, не е толку битно, што тој е закон, врзан со перформансните критериуми на ММФ. За тоа, дали ќе се донесе или Не, аранжман не може да пропадне заради еден закон.

Меѓутоа, Советот на Европа е нешто друго. Бидејќи ние имаме обврска оваа законска регулатива да ја донесеме и да ја имплементираме, а активностите Се почнати од 1999 година, до сега, де факто не сме направиле ништо. Ако остане овој датум октомври оваа година, мислам дека ќе се најдеме во многу непријатна ситуација. Од тој аспект е посебно значаен, да речеме, рокот на имплементација на овој закон. Во еден нормален стабилен правен систем, би било добро и нормално 7 дена по објавувањето во Службен весник, да почне законот да важи.

Инаку, јас незнам како *ќе* објасниме пред Советот на Европа, што сме правеле досега, зошто не е донесен и дали, заради тоа нема да сносиме некакви санкции.

**SВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали Некој друг бара збор?

Има збор госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Јас се согласувам дека ние денеска носиме важен закон и дека обврска на ова Собрание е што побрзо да го донесе и да го имплементира овој закон.

Навистина жалам, што можеби досега од субјективни причини до сега не беше донесен, иако знаеме дека неговата постапка за донесување отпочна многу порано, меѓутоа, не треба да заборавиме на податокот дека ова Собрание, со својата две и пол годишна работа, сите паузи доколку ги пресметаме, имаше една пауза која континуирано траеше 9-12 месеци.

Тука пред се, ќе ги спомнам: периодот на локалните избори што направивме премолчен договор дека Собранието не треба да работи пред и по фазата на предизборјето. Тука ќе дојдат претседателските избори, а веројатно тука ќе ја вклучам и еве и оваа криза во врска со безбедносната состојба, во кое што по своја или не своја вина, Собранието не исклучи од својата работа и не работеше скоро 5 - 6 месеци, освен за оние итни законски акти што ги донесовме. Значи, дури и да се сакало, можеби можело да се почне со една процедура, која ќе траеше подолго време и можеби во нормална фаза ќе ја почневме процедурата за неговото донесување. Меѓутоа, прашање на време а дали тој закон повторно ќе беше донесен.

Што се однесува до дилемата која што настана, дали овде Зконот треба да важи во рок од 7 дена, навистина, тоа би било идеално. Меѓутоа, треба да се потсетиме на тоа дека сите закони во Република Македонија се носат и важат во рок од 7 дена од нивното донесување, а нивната имплементација, навистина во временските рокови оди тешко.

Овде се работи за еден многу сериозен и сложен закон, кој што подразбира формирање на агенција и обавување на сите подготовки со кои што ќе треба да се имплементира. Тоа подразбира минимум на рокот од 6 месеци и многу повеќе од тоа, така што, сметам дека законодавецот, во овој случај Министерството за финансии, го предвидал оптималниот рок за неговото отпочнување, а би било добро кога би можел истиот да се имплементира во рок од 7 дена.

Обврската за имплементирањето на овој закон од Советот на Европа трае долго време, но, еден е од условите за вклучувањето на новиот аранжман. За Министерството за финансии на Република Македонија, сигурно не е единствен, така што сметам дека навистина, е од приоритетен интерес законот да се донесе во формата во која е предложен денеска.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**:(Продолжение)

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Оворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски поднесоа амандмани за додавање нов член 34-а по членот 34 и на член 35 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Тито Петковски, Радмила Шекеринска , Илија Илоски, Кирил Настески, Мирко Иванов, Димитар Бузлевски, Борислав Трповски, Ристо Тодоров, Ванчо Чифлиганец, Танас Трајковски, Стојан Ковачевски и Михајло Ангелевски поднесоа амандман на член 35 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандмнаот за додавање нов член 34-а по членот 34 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, не би имал ништо да додадам , само за пратениците да имаат увид, бидејки водевме расправа по амандмнаите. овој амандман се однесува за законот за перење на пари да влезе во сила веднаш со донесувањето односно во рок од е дена по објавувањето во Службен весник, со тоа што до формирање на Дирекцијата за спречување на перење на пари работите да ги врши стручната служба на Министерството. Министерот објасни, но за пратениците при изјаснувањето ова се однесува на тој дел. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да додадам уште нешто што претходно не го кажав, а е поврзано со ова дека не само што не ни требаа подготовки, основање на таа Агенција, обучување на кадрите и т.н., туку и субјектите што треба да го спроведат законот, финансиските институции,

треба да подготват програми во рок од шест месеци. Значи, како и да ја свртиме работата ако сега го ставиме веднаш да важи, ќе биде чиста фарса. Апсолутно мислам дека нема да има никаква можност да се спроведе тој закон. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Пратеникот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во Ваше време вие продолживте го трансформиравте и го имплементиравте платниот промет, една од најтешките операции во сите земји посткомунистички. Не Ви требаше толку време. неможе да се испере од политичкото мислење дека ова се прави после промената на оваа Влада да се почне. Тоа е општо мислење. А, делот за кој што вие зборувате, дека банките треба да прават програми и дека со донесувањето на законот, со првата фаза пред две години, секој министер и вие кој што го имплементиравте платниот промет и го спроведовте и ќе видиме, така требаше да се имплементира и законот за перење на пари. Тоа е најнормална работа во носење на едно министерство на закон. Помина првата фаза, обврска од Советот на Европа, Вие разговаравте и вашите соработници, банките, трансакциите да ги пријавуваат , формуларите, ние сме донеле многу сложени и поважни закони кои сигурно ги имплементираме во рок со подзаконските акти и слично. Сметам дека можеше, не е основната причина, а сваќам дека во оваа фаза во кој сме, не можеме да го имплементираме и го сваќам вашето гледање. Инаку , подготовките за овој закон можеа да течат, како што одеа паралелно подготовките споредено со платниот промет.Мислам дека сега е беспредметно, овој закон треба да се формираат тие органи, но ако вие работевте паралелно, можеше да се имплементира.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Збор побара министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Г-дине Гештаковски, ги прецենивте моите можности. Трасформацијата на платниот промет ја подготвувам година ипол за овие шест месеци да се трансформира. Сепак не е толку кратко направен како што вие кажавте. Точно е дека една од најголемите операции, навистина е така, меѓутоа година ипол подготовки се вршеја за од 1 јули да започне трансформацијата која што треба да заврши на 31.12. Комитетот за трансформација работи најмалку од април минатата година и пред тоа имаше некои такви видови на комитети кои што имаа почетни активности. Така Што споредбата сакам да кажам дека не е баш на место.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине министре, да, точно е за тој проблем, но изгледа нашиот проблем во Македонија е што треба министерот да го има предвид.

Општото политичко мислење Вие можевте, а имавте и заменик и него да го задолжевте овој или претходниот, ние во македонија затоа не ги имплементиравме. Тоа е затоа, затоа што не носиме позитивно законодавство. Незнам, но вашиот заменик министер во штампата вели дека немаат ни канцеларија овие од ВМРО-ВМРО што се прават, реагираат дека немаат канцеларија и т.н. Зборувам за општиот трент, точно е Вашиот дел, но треба другиот да одат паралелно. Немојте да ги земата сам на на себе ние зборуваме за институции на една држава, Министерство на Република Македонија. Точно е дека тоа бара надчовечки напори, не ве преценувам и го ценам она што го давате, но треба да го распоредиме. Во тој дел не е оправдувањето.Мислам дека треба да ги имплементираме, така ни паднало времето ниедна држава нема да носи закониповторно. Ние досега сме донеле илјадници закони , такво е времето и така треба да работиме. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дозволете само да укажам на смислата на еден сет на амандмани кои се поднесени , а во оваа смисла и токму на амандманот за кој Гештаковски досега зборуваше. Во Македонија имаме една ситуација која е следна. По нашиот закон од 1995 година, значи од пред шест години, ако добро се сеќавам, перењето на пари е кривично дело. Тоа не станува кривично дело со овој закон и тоа е совршено јасно. Меѓутоа, со овој закон се обезбедуваат инструменти во рамки на државната управа за следење, евидентирање на можното перење на ари, кое може да резултира за оној кој пери пари со изрекување на казна за извршување на кривично дело перење на пари. Инаку без ваков механизам кривичното дело се сведува на

несистематско следење односно на инцидентно следење. Ние имаме поднесено амандман, прво законот да се применува од 1991 година. Логиката е заради тоа што тогаш Македонија е независна држава и го има овој континуитет. Ја разбирам загриженоста на г-динот министер во врска со уставните одредби како тие ќе се толкуваат во врска со поповолното решение за граѓанинот ако законот важи ретроактивно од 1991 година и тоа ќе го дебатираме амандманот ни е еден од следните.

Она што мислам дека е духот на овој амандман и сметам дека треба да има добра волја да се разбере духот на овој амандман. Владата и Министерството за финансии ни поднесоа закон во кој предвидуваат овој закон да се применува од 1 март 2002 година. Тоа значи за седум месеци од сега, а тоа се шест месеци. Ние досега немавме закон за спречување на перење на пари. Меѓутоа, ако го донесеме попладнево, од утре ако се објави во Службен весник, ќе го имаме законот. Е, тука ќе се јави еден вакум. Законот е донесен, тој е влезен во сила, а има уште шест месеци во кој ќе може да се врши трансакција која нема да биде евидентирана од аспект на можното перење на пари. Тоа е многу различно од ситуацијата до денеска кога немаме ни закон за тоа. Меѓутоа, од утре г-дине министре ќе имаме малку поинаква ситуација. Од утре ние имаме закон во сила. Од утре или од седмиот ден од кога ќе го изгласаме во Службен Весник, фигуративно велам од утре. Денеска е битниот момент кога *ќе* го гласаме во Собранието. Во тој момент ние веќе имаме закон за да го спречиме било какво можно перење на пари. И, сега, нашата Влада и нашиот Парламент на сите ѕвона објавува дека и во идните шест месеци перете пари, нема да ви евидентираме, а законот го имаме на сила. Мслам дека духот на законот ние сите оние трансакции да ги евединтираме некако, а од 1 март 2002 година ако се оспособи Агенцијата во рамки на Министерството да може и за овие шест месеци наназат од 1 март 2002 година реално да покрене постапка ако треба. Каква е логиката ние денес да донесеме закон и во декември 2001 година некој да направи трансакција од 5 милиони германски марки и ние да немаме обврска да го следиме тоа, а законот донесе Веќе два месец.Особено е битно откако веќе поминал законот во овој Парламент Министерството за фнансии да создаде некој интермедијарен механизам, некој транзиционен механизам, со кој барем во периодот на влезеност на сила на овој закон , ќе можеме во април 2002 година да се повикаме за некоја трансакција во декември 2001 година, два месец по донесување на законот. Затоа, да можеме,овој амандман токму обезбедува можност да се прибере некаква документација, доколку е можно и ако Некој по влегувањето на сила на овој закон пери пари, да можеме на тоа да се повикаме откако *ќе* стапи во сила односно откако ќе почне да се применува законот. Барем овие шест Месеци како да ги ставиме во некаква рамка. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Збор побара пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван министре, колеги пратеници,секогаш кога нешто ќе предложи владата наидува на нож од страна на СДСМ.Еве, да речеме сега не им се допаѓа зошто тогаш ќе почнел да биде во сила тој закон, зошто не е од утре.Па, затоа што треба, веројатно, Владата направила план, треба да се дефинира администрација која што ќе ја води таа работа. Зошто тие донесоа закон за јавни набавки, откога си заминаа од власта. Зошто не донесоа тие изминати шест години. Зошто овој закон не го донеле шест години, дали немало време да се донесе. Дали било многу тешко да се напише тој закон или од некаде да се препише. Секогаш ако нешто оди во прилог на државата, на власта, кај нив наидува на нож. Исто така беше пречекан и Законот за ДДВ. Многу закони кои досега ги предлагаше Владата и кои што многу успешно се имплементираа наидуваа на нож, беа критикувани,беа анатемисувни. Беше на подбив ставана Владата и на подбив ставена целата власт. Сметам дека овој закон е добар и убаво е што се носи. Добро Ќе беше ако уште порано се донесеше. Секако , барем од наша страна, меѓутоа подобро е сега, отколку никогаш да не се донесе. Веројатно, тие ако беа уште еден мандат, пак немаше да се донесе овој закон. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Збор побара пратеникот Стојковски Благој.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Мислам дека овдека не станува збор за тоа дали законот е добар, дали законот треба да се донесе, или да не се донесе. Станува збор дека како Парламент донесуваме закон, а си земаме за право тој закон да почнува да важи после шест месеци. Дали е тоа на нож од СДСМ или не е на нож од СДСМ, ако е на нож од СДСМ ќе бараме да не Се донесува тој закон. Ние бараме да се донесе и да важи после седум дена. Ако имаме неко оправдување кое го даде министерот дека треба да се формира Агенција, тогаш имам едно прашање. Министре, од кога е во процедура овој закон во Собрание и колку време помина? Министре, дали овој закон беше првпат донесен како предлог за донесување, па сега е предлог за донесување, со предлог закон. Значи имавме време, извонредно многу време сите тие работи да ги направиме. Меѓутоа, сигурно Дека многу нешта кои Се случуваа имале влијание на оваа работа, меѓутоа тие нешта несмеат да не оделат од тоа дека законот после Шест месеци е го применуваме. Можеме да кажеме дека Агенцијата за наредните два три Месеци ќе се направи и *ќе* почне да работи, но законот после седум дена треба да се имплементира, за да можат сите оние кои планираат или перат пари, да сватат дека имаме закон Дека од таа работа треба да се тргнат на страна. Дека оваа држава Македонија треба да ги почитува законите кои важат во Европа. Што ќе се случи, прашувам, ако овој закобн, на пример, еве за наредните четри месеци се поднесе предлог за изменување и дополнување. Знаеме дека сите закони се менливи. Зошто не го донесеме ова, па ако видиме дек анеоди за два месеци со два члена ќе го решиме проблемот. Но, треба да го донесеме сега. Или пак, има некои други за кои јас не сакам да кажувам дека постојат и други причини. Далеку ми е од памет да ги кажувам тие други причини. А, овдека се знае дека Парламентот кога ќе донесе закон тој закон мора да стапи во сила. И, досега седум дена сите закони стапувале во сила. Дали нема да оставиме во граѓанството можност, не за мене, не за некој колега од МВРО-ДМНЕ или од друг, да реат еве овие си донесоа закон, мегутоа наредните шест месеци ќе си прават што сакаат. Јас се прашувам како пратеник, дали граѓаните нема да ме прашаат. Мислам дкеа законот треба да се донесе да стапи на сила после седум дена од објавување ако што си е вредно, а сите други технички работи имаме можност да ги направиме, за да навистина ставиме до знаењ и пред граѓаните дека сакаме да се бориме против најголемот зло што го има во скоро кај сите да кажам, но кај нас најмногу во Македонија го има тоа зло, перење на пари. Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Збор побара пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-ине потпретседателе, почитувани колеги, ние расправаме сега за еден амандман, малце се одалечуваме или се вклучивме во темат аотпосле и малце ги проширивме дискусиите, мегутоа као се задрчиме за амандманот дали да почне да важи законот после седум дена или после шес месеци, треба да имаме наум дека ова не е некој преседан или прв закон ваков. Ако се сеќавате закон кој што на некој начин пред година ипол исто така беше оспоруван , меѓутоа несомнено деа што се однесува до државниот буџет даде многу позитивни резултати, а тоа е законот за ДДВ, беше исто таков најавен со најава, и потоа си ги дадте тие позитивни резултати. Значи ова не би бил преседан што се однесува до вакво носење на законско решение. Еве ме потсетувааат исто така и Законот за девизно работење бил донесен. Друга една мисла имам наум што би сакал апропо сегашнава сложена безбедносна ситуација, а по однос на финансиите на граѓаните што си ги чуваа по банките, девизи на пример, голем дел од нив си ги повлекога, си ги повлекоа дома, и заислете сега ние денеска носиме закон , велиме утре другиден ако некој си повлекол од банка и си има заштетено 40-50 илјади марки и, сака кола, куќа или било што да купи , оп, мораш ти да донесеш докази иначе ти си криминалецот што ги переш парите . Замислите тоа колку лошо би одјекнало за една огромна маса на луѓе кои што си ги повлекоа заштедите и си чуваа дома, ние би ги притиснале за седум дена готово или внесувајки во банка или ти си криминалецот што ги переш парите. Се разбира дека може и контра аргументи да се дадат дека евентално планира нечесни работи да прави , меѓутоа погледнато врз целокупната ситуација и врз оние што најмногу би пропатиле од волку ригидно и веднаш донесување, мислам еве да

размислиме за таа огромна маса на население кое што пред пет, шест месеци во една паника ли беше или незнам што сепак евидентно е дека ги повлекоа , дека повлекоа девизни средства од банките. Благодарам.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со полно образложенија од пратениците овде се согласувам, меѓутоа, господинот од Куманово сакам да го прашам, бидејќи кажа дека немаме закон и ако се донесе овој закон во рок од тие 6 месеци ќе се прави или нема да се прави нешто во државата дека некој ќе престане или нема да престане да пере пари.

Господине од Куманово дали имаме Устав на Република Макеоднија?

Дали важи тој највисок акт, како закон, во оваа држава? Дали имаме територија во Република Македонија што ја контролираат терористи и перачи на пари? Дали имаме полно институции кои во Република Макеоднија преку разни проекти перат пари?

Треба да ми одговориш на ова прашање. Не е во прашање само да се донесе закон, тој закон важи во една средена, системски дотерана држава, контролирана држава со сите институции и да можат сите тие механизми да делуваат и на крајот да имаме краен резултат. Ние и овој закон ќе го донесеме и да важи после 6 месеци. Немојте да се занесувате дека некој во оваа држава или однадвор што ќе дојде нема да пере пари? Ќе продолжи, но затоа има затвори, затоа има институции, ќе бидат гонети, ќе бидат казнувани итн.

Зборот ми е ако оваа работа се започнала како закон, дајте да го донесеме. После ќе видиме, има разни механизми во ова Собрание да го додотераме, да се направат тие институции што се пропратни да функционираат во целост, а не само формално-правно го донесовме законот и тоа е се. Полно закони можат да се донесат во државата, но практично не се применуваат. Тие се најтешките и најопасните закони.

Еве повторно го прашувам пратеникот од Куманово дали имаш Устав во оваа држава?

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, добро е што ќе се обраќаме вака вие од Куманово, вие од Битола, јас ќе се обратам вака, ние сме и Куманово и Битола во Македонија и сега беше прашање дали имаме Устав, имаме Устав, го штитиме Уставот, а Уставот го штитат најмногу институции на оваа држава, а најодговорна институција во оваа држава е Владата.

Кога на оврј Парламент поставив прашање дека се подметнуаат бомби во Куманово, одговорот од Владата беше дека ете јас провоцирам некој, Меѓуетнички судири во Куманово иако се релаксирани меѓуетничките односи.

Кога поставивме прашање дека на делот кој многу убаво го знам над Брест - Гошинце, Танушевци има УЧК, одоговорот беше дека тоа се ловџии и дека тие вежбаат. Е, ако некој беше одговорен да го брани Уставот за кој сега некој ме прашува, беше тој што беше на власт.

Кој, да го прашам колегата од Битола, не доведе до вакво дереџе, односно ја доведе Македонија? Не треба да одиме со вакви работи, бидејќи сакам да се произнесам по амандманот дека законот треба да стапи по 7 дена за да на граѓаните почнеме да им кажуваме дека сакаме да се бориме против ова зло. Инаку, граѓаните ќе сватат дека оние што купија банки, мислам на оние тројца, сакаме да ги штитиме тие пари. Затоа, кога еден го праша од каде ти се парите одговорот беше заработив, позајмив, Сега сакаме уште да им кажеме дека тие тројца или уште други триесет и три или триста продолжат на тој начин.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За реплика се јави г. Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, изгледа на многу луѓе што седат во овие пратенички клупи не им се јасни работите. Овде не беше работата јас да те провоцирам, јас знам дека знаеш дека Република Македонија има Устав, барем толку мислам дека си школуван. Секогаш се повиквуаме на тој Устав и многу закони што ги носиме се котираат на тој Устав. Толку колку што ме дал Господ немам голема глава за да бидам многу паметен. Јас добро го поставив прашањето, само ти не го разбра.

Повторно укажувам, никој не сакам да амнестирам што правел и проневерил од 1990 до 2001 година. Тоа важи и за едната и за другата и за третата Влада. Јас зборувам за нешто друго. Законот што треба да се донесе треба целосно да биде апсолвиран, целосно со сите тие институции што треба да се направат да се дотера, а не само декларативно. Донесовме закон и ја оттргнавме нашата

одговорност. Тоа е клучното прашање. Ако сакаш ти ќе се вратиме и на многу други закони што можам и практично да ти докажам. Ај да го земеме Законот за приватизација. Можеме да отвориме дебата колку сакате, дали беше најправеден, неправеден, какви неправди се направија во оваа држава, па јас право да ви кажам мислев дека тогаш можеби бев во заблуда, си признавам, мислев дека ако таков закон каков што вие ни предложивте и помина за приватизација, мислев дека во Република Македонија ќе се случи не граѓанска војна - револуција затоа што до вчера на луѓето им велевме овие фабрики се ваши, преку ноќ им беа земени и сега се на улица. Сега им ги зедовме и куќите, сега се на улица и на граничните премини, а некои по родниците. Што направивме? Зборот ми е за секоја работа треба трезвено да се работи и законите треба да се применвуаат, а за да се применвуаат сите институции во државата треба максимално да бидат ангажирани и до крај следени во нивната рабаота. Тоа беше прашањето, а не да ве навредувам или да ви кажам нешто друго. Сосема добронамерно.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да пристапиме кон гласање, ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да избројат колку пратеници имаме во салата.

Во салата има 57 пратеници.

Веќе има доволен број.

Да пристапиме кон гласање за амандманот за додавање нов член 34-а, по членот 34, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Ве молам вклучете го системот за гласасање.

Од 67 пратеници, 29 гласале за, воздржани 10,против 29.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 34-а, по членот 34, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманто на член 35, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Збор побара предлагачот на амандманот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Овој амандман, бидејќи беше поврзан со претходниот со влегување во сила со денот, а не се пренесуваат надлежностите, го повлекуваме.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 35, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Тито Петковски, Радмила Шеќеринска, Благој Стојковски, Илија Илоски, Кирил Настески, Мирко Иванов, Димитар Бузлевски, Борислав Трповски, Ристо Тодоров, Ванчо Чифлиганец, Танас Трајковски, Стојан Ковачевски и Милојко Ангеловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор побара г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

За правилно изјаснување на пратениците само овој амандман се однесува на она решение кое доста беше дискутирано, тоа е Законот за спречување на перење на пари да се применвуа од 8 јануари 1991 година. Особено и правно, она што го кажа Никола Поповски, да се применува откако е инкриминирано, санкционирано како кривично дело, тоа е од донесување на Законот за кривична постапка.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 67 пратеници за амандманот гласале 28, 5 воздржани и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Тито Петковски, Радмила Шеќеринска, Благој Стојковски, Илија Илоски, Кирил Настески, Мирко Иванов, Димитар Бузлевски, Борислав Трповски, Ристо Јодоров, Ванчо Чифлиганец, Танас

Трајковски, Стојан Ковачевски и Милојко Ангеловски.

Продолжуваме со пререс по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласањ9.

Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеници, 60 гласале за, 4 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спречување на перење на пари.

Преминуваме на 11-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за државната ревизија.

Ве молам да гласаме.

Од, 62 пратеника, 57 гласале за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеника, 56 гласаа за, 3 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеника, 57 гласале за, 4 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија.

Преминуваме на 12-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеника, за гласале 53 пратеника, 7 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлргот на закон.

Ве молам да гласаме..

(гласаа само 59 пратеника).

Немаме кворум, предлагам службите да избројат колку пратеници имаме присутни во салата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**: (продолжение)

(По пребројувањето од страна на службите).

Во салата присуствуваат 64 пратеници.

Значи 53 пратеници гласале за, 4 воздржано и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман за бришење на членовите 1 и 12 и на член 2 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 1 и 12, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

60 пратеници гласале .

Повторно немаме кворум во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Ве молам да го вклучите системот за гласањсе за да гласаме повторно.

(По гласасњето).

Од 66 пратеници, за гласале 20, воздржано 7, против 39.

Констатирам дека Собранието не гоусвои амандманот за бришење на членовите 1 и 12, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од 68 пратеници, 21 гласал за, 9 воздржано и 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од 65 пратеници, 53 гласале за, воздржано 8 и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството.

Преминуваме на 13 точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за Агенција на Република Македонија за управување со средства, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Агенција на Република Македонија за управување со средства.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од 63 пратеници, 56 гласале за, 3 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од 69 пратеници, 59 гласале за, 5 воздржано и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2 за додавање нов став 1, за заменување на местата на членовите 3 и 4, член 5 точка 1 и член 13, член 6 став 3, член 7 став 2, член 9 став 1, член 10 за менување на став 1, член 11 став 2, член 12, член 15 став 1 и за менување на член 16.

Пратеникот Љупче Ристески поднесе амандман на член 3 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Љупче Ристески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Овој амандман станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на местата на членовите 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кои се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 1 и член 13, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 сдтав 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претртес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањсето).

57 пратеници гласале, очигледно немаме доволно пратеници во салата.

Ги молам службите да избројат колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето од страна на службите).

Почитувани колеги пратеници, предлагам да го повториме гласањето за амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија, бидејќи сега имаме доволен број пратеници во салата.

Ве молам да го вклучите системот за гласање.

(По гласањето).

Од 65 пратеници, 23 гласале за, воздржано 8 и против 34.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот а Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

За мене е многу деликатно амандмани поднесени од Комисијата која е најмногу повикана да ги чита законите кои тука се донесуваат од аспект на уставност и законитост да не добијат поддршка на пленарна седница. Настрана тоа како Владата гледа на таквите амандмани, што јас неможам да го прифатам доколку ги одбива, но мислам дека темелно треба да размислиме кого имаме во таа Комисија. Само би повторил, несфатливо е нивниот заклучок, нивниот став тука да не го поддржиме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас го повикувам минисггерот сепак да го промени својот став поради еден основен принцип, а тоа е фактот дека министерот со овој амандман на сака да прифати Агенцијата која се основа со законот еднаш годишно да доставува извештај до Собранието на Република Македонија, а министерот со законот ни предложил решение со кое Агенцијата најмаслку двапати годишно, а претпоставувам по барање на министерот тоа двапати може да биде и три, четири или пет пати годишно да доставува ивештај до Владата на Република Македонија. Меѓутоа, министерот не сака да прифати тој извештај еднаш годишно да оди до Собранието на Република Македонија.

Само да потсетам, во еден тукуштo поминат член од расправата по овој закон, тоа е членот 10, во ставот 1 пишува: "Средставата за работа Агенцијата ги обезбедува од Буџетот на Република Македонија". Буџетот на Република Македонија го донесува Собранието на Република Македонија и ако донесуваме Буџет со кој одобруваме или можеме да одобруваме средства на Агенцијата, мислам дека е фер во законот таа Агенција еднаш годишно да доставува извештај и до Собранието на Република Македонија за начинот на користење на тие средства, особено што средствата што таму се слеваат како наследство од Агенцијата за санација на банки се исто така недефинирани средства, со некаков државен или општествен карактер од порано, кој според законите 6и требало на извештај да се достават на Собранието на Република Маквдонија. Мислам дека ова не е некој преголем амандман од

Законодавно-правната комисија, меѓутоа, мислам дека заслужува внимание.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ова е состојба што постои и сега во сегашниот Закон за Агенција за санација на банки, не е ништо ново, министерот ништо не промовира сега туку тоа е сегашната состојба и практика е агенциите што ги основа Владата да одговараат пред Владата. Тоа е целата работа и тоа е нашиот став. Ако Прламентот оцени поинаку, нека гласа поинаку.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас само да потсетам дека оваа Агенција како и сите другиагенции и органи во состав на Владата можат единствено да се основаат со закон од страна на Собранието на Република Македонија, без разлика што тие можат да делуваат во состав на некој владин ресор, така што ние ги основаме овие агенции.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Од 68 пратеници, 41 пратеник гласал за, 8 воздржано и 19 против.

Констатирам Д9ка Собранието го усвои амандманот на член 11 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 16, поднесен од законодавно-правната комисија, со кој се согласил повереникот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласасњето).

Од 67 пратеници, 60 пратеници гласале за, 2 воздржано и 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Агенција на Република Македонија за управување со средства.

Преминуваме на 30 точка од дневниот ред - Пртедлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по Договорот за проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во општините Велес и Штип", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законорт ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници нашадата, надевајќи се и очекувајќи дека овој закон лесно ќе помине овде во Собранието, сакам да ги поздравам ваквите кредити и ваквите проекти кои одат во ваков прилог како што е денешниот закон.

Исто така, сакам да го поздравам кредитирањето од страна на Владата на Република Португалија на еден ваков проект каков што е решавање на

проблемите во животната средина во општините Штип и Велес.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**: (продолжение)

Навистина, можеби е на одмет да се зборува колку многу се големи еколошките проблеми во овие општини, посебно јас не би зборувал за Велес, за кој проблемите се познати на целата македонска јавност, меѓутоа и градот Штип има огромни еколошки проблеми и сите вакви кредити во иднина навистина можат да влијаат само позитивно и да се во прилог на нашата свест кон животната средина за која имаме навистина самите себе да си упатиме критики во овие изминати години за тоа како се однесувавме према неја.

Имено, со акционата програма што треба да се финансира од овој поволен кредит треба да се финансираат пречистителни станици, вклучувајќи и главни колектори во Велес и во Штип. Вложувањето во вакви проекти е благородна работа и сметам дека и Владата и Собранието и сите фактори во Република Македонија треба да размислуваат интензивно и треба да се стремат кон вакви проекти. Камо среќа ова да беше петти или шести проект со кој ќе ја заштитевме реката Брегалница, која е една униште река, река која преживеа многу еколошки катастрофи и која е сега еден показател на човековото невнимание и однос кон својата околина, многу загадена, многу уништена и тоа не е онаа река од пред 15 и 20 години. Затоа апелирам Владата да размислува секогаш за вакви проекти и проектите за другите делови кои лежат на реката Брегалница, а кои влијаат на нејзиното загадување и уништување во текот на реката, да бидат поддржани, да бидат стимулирани и да бидат финансирани.

Јас само за пример ќе кажам дека уште пред 20 години и повеќе ние бевме сведоци дека партиите на зелените во Европа донесоа Резолуција за размислување и еколошката свест и многу одамна се апсолвирани прашањата за однесување кон водите во овие држави. Се надевам дека со ваквите проекти ќе почнеме и ние како граѓани да размислуваме така за нашата средина и така да се однесуваме, бидејќи навистина одамна се прочистени огромни реки и многу проекти се направени низ Европа, како што е од англиската Темза и понатаму.Она што сакам во оваа прилика да го истакнам е дека само во средината од која што доаѓам и за која со полно срце го прифаќам кредитот кој се однесува на подобрување на еколошката средина и на инвестирање во пречистителни станици, покрај Брегалница која е загадена од неколку општини и неколку индустриски капацитети и канализациони мрежи, во околината на Штип постои една потполно уништена река - Лакавица, која порано беше еден украс покрај градот и место каде што многу многу луѓе ја најдоа својата егзистенција, место каде што се одгледуваа голем број на овци и овде бараа вода за пиење. Сега таа река ја нема и тоа е навистина една голема еколошка катастрофа која исто така треба да се каже од оваа говорница за да Владата биде стимулирана, бидејќи тоа прашање градот Штип го поставува неколку пати. Ние ја потсетуваме Владата да биде потсетувана за некој сличен иден проект да инвестира, затоа што имаше некој проект во соработка со Германската Владата да се пушти биолошкиот минимум на реката Лакавица и таа повторно да добие води кои ќе овозможат живот за населението, иако голем број на населението од селата покрај реката Лакавица се расели во меѓувреме Фондот на овци опадна драстично, скоро и да не постојат стада покрај неа, а да не зборуваме за еколошкиот и рекреативниот дел на овој проблем.

Сметам дека за овие проблеми уште многу може да се зборува, меѓутоа очекувам од гласањето денеска во Парламентот еднодушна поддршка на овие проекти кои се пропратени со акциони програми. Сметам дека пратениците ќе покажат свест да гласаат за задолжувањето на Република Македонија со овој кредит од Владата на Република Португалија без никакви проблеми. Се надевам дека ваквите проблеми не само за овој дел на Република Македонија, туку и во сите делови на Република Македонија кои ќе се појават како иницијатива на Владата и на самите општини ќе бидат поддржани од моја страна, а се надевам и од страна на пратениците.

На крај сакам да кажам дека со вложување во средината вложуваме во иднината, а се надевам дека вакви вложувања во иднина на СОС, кој го кажува реката Брегалница со еколошката состојба во која се наоѓа Владата ќе најде сили и пријателските земји од Европа ќе најдат начин и средства да вложат уште во некои проекти во другите делови на течението на реката Брегалница, за да таа го добие сјајот, убавината, знажењето и се она што го носи на градовите покрај неа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Јас би сакал да го поздравам гестот на Владата на Република Португалија за овој хуман гест што има во предвид дека има општини кои се загрозени токму од овој аспект животна средина односно екологијата, дали е тоа за отпадни води или вода за пиење. Се поставува прашањето дека градот Штип и градот Велес тоа многу повеќе го заслужуваат не само од Република Португалија туку и од Република Македонија и нашата актуелна власт.

Јас ја поздравувам иницијативата, и го поставувам прашањето кои се критериумите за издвојување на овие шест општини за овие доста поволни кредити, без камата и грејс период од 18 години односно на 31 година отплата. Можеби во овој момент би требало да биде присутно овдр и ресорното Министерство за животна средина и просторно планирање, бидејќи критериумите и согледувањата е надлежност на Министерството за животна средина и просторното уредување, а финансискиот дел и во делокругот на Министерството за финансии.

Нажалост бившиот, екс министерот Додевски, а сега заменик не е тука за да можам директно да го прашам, но верувам дека министерот за финансии тоа го знае. Прашањето за критериумите, за акционата програма, за приоритетот на општините е прашање за Министерството за животна средина и просторно уредување.

Доколку може да одговори министерот за финансии јас ќе бидам задоволен, а подоцна ќе се произнесам со некои мои дополнувања.

(Со седницата продолжи да претседава г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Јас сакам да го изразам своето мислење дека ќе го поддржам овој закон, меѓутоа најмногу од се ме инспирираше дискусијата на колегата пратеник Стојменов кој што на некој начин многу промотивно зборуваше за законот, што е добро, меѓутоа се плашам јавноста да не стекне погрешен впечаток дека практично тие ги изработиле и овие грантови и овој кредит, а не е така. Овој кредит е изработен многу порано и некој друг го изработил и некој друг се обидел да направи напор за овие градови да добијат кредит за екологија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Пратеникот Златко Стојменов се јави за реплика.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Мене ми е навистина жал што колегата Данило Глигоровски не ја сфати поентата на мојата дискусија. Општите работи од интерес на државата немаат делба ние вие, туку трагедиите од еколошките катастрофи се заеднички и поеледиците се заеднички. Кога и јас и колегата Глигоровски ќе заминеме од Парламентот и од политичката сцена ако оставиме ваквиот проблем на идните генерации нема да биде битно кој го создал, кој го направил лррблемот, туку битно е што тие ќе го имаат тој проблем, еколошки катастрофи и воопшто нема да биде битно кој го направил и кој го решил проблемот. Важно е да се реши проблемот.

Од друга страна сметам дека како пратеници треба да се издигнеме над партиските бои кога се работи за вакви интереси и да ги поддржиме сите позитивни проекти, и натаму ќе ги поддржуваме сите позитивно проекти и на оваа Влада и на било која Влада кои одат во интерес на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Имаше едно прашање околу изборот на локациите односно на градовите кои да влезат во овој проект.

Изборот го има направено комбинирана група од поранешното Министерство за урбанизам и градежништво и консултантите на Европската унија која што го поддржа овој проект. Инаку, во проектот има дел од средствата што се преку Пактот за стабилност и тоа ми се чини дека е единствениот проект што Македонија доби нешто од Пактот за стабилност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Чифлиганец повторно се јави за дискусија.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас не случајно барав и ја поздравив и ќе ја поддржам со двете раце помошта за општините Велес и Штип и побарав

објективно да ми се одговори кои се критериумите што се помага на овие шест општини. Дали се најзагрозените, верувам дека се најзагрозени, но има и други, дали се ограничени средствата или се работи за некој да биде ова Собрание мајка а за некого маќеа. Зошто го велам тоа?

Го велам затоа што јас сум пратеник од општините Радовиш и Конче. Нажалост на почетокот од III милениум луѓето од општините Радовиш и Конче немаат вода за пиење, а не за собирање на отпадните води. Во месните заедници с. Ораовица луѓето пијат вода од каналот, од езерото. Од месната заедница Тополница, Сурдулци, Воисловци, Инево скоро 70-80% од општината Конче месните заедници немаат вода за пиење, како и село Бучин итн. Се прашувам пред овој највисок законодавен дом дали заслужуваат овие граѓани на едно мало парче територија на Република Македонија од центарот на Балканскиот полуостров да и се доделии некој милион долари, марки или евра да имаат барем вода за пиење. Тоа е за општините Радовиш и Конче.

Господо од власта ВМРО-ДПМНЕ месната заедница Раовица нема вода за пиење 30 дена. За тоа треба да имаме разбирање и во овој законодавен дом. Месната заедница Тополница, не случајно го барав заменик министер Додевски да биде овде присутен 4 години поднесуваше односно две години кога беше министер, кривични пријави за реката која е загадена Тополница од приликите, од неприликите, од рудникот Бучин. Две години ништо не е дадено ниту од рудникот, а рудникот нема средства ниту надвор од пошироката заедница. Сега тој ист министер кога е во прашање животната средина во општина Радовиш го нема никаде да каже барем со еден денар, марка, долар или евро овде да се помогне.

Од тие причини јас барам да има разбирање министерот за финансии токму за најзагрозените места, месни заедници на општините Радовиш и Конче да се издвојат акон не милиони илјада марки. Овој проблем ќе се реши со 100, 200, 300 или 500 илјади марки на ниво на општина. Не бараме ние двоцифрени милионски или троцифрени милиони цифри, а дали вие имате трпение или не ве молам тие луѓе заслужуваат барем вода за пиење во 2001 година 29 август, ова Собрание да донесе решение тие луѓе да имаат вода за пиење. За бањање, за отпадните води понатаму ќе зборуваме, но сега ова Собрание нека има сенс, нека има чувство на хуманост, на гест и на тие граѓани да им се помогне да имаат вода за пиење.

Од тие причини барам господине, почитуван министер, толку грантови дојдоа во Република Македонија, толку помошти да го осети тоа и граѓанинот во општина Радовиш и Конче...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Не е предмет на расправа тоа.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАКЈЕЦ:**

Јас го замолувам ми нистерот да најде чувство на хуманост према овие две општини Радовиш и Конче, ги реков месните заедници кои се најзагрозени: Тополница, Ораовица, Конче, Воиславци, Инево и самиот град Радовиш. Не барам милионски цифри, бараме скромни цифри што ќе ги обезбеди минималните количини на вода за пиење.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратреникот Јордан Бошков.

**ЈОРАДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседател, дами и господа, колеги и колешки, господине министер,

Со овој закон се овозможува имплементирање на финансиски средства од Европската унија во деградирани средини во Република Македонија. Деградирани во смисла на животната средина.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (продолжение)

Меѓутоа, ништо тука не би било спорно и јас исто така се согласувам со колегата Чифлиганец, дека водата за пиење е насушна потреба . Во секој случај, несватливо е на едно такво поднебје, кое што барем, според хидролошките показатели не е во негативна биланса, да постојат села, да пстојат региони, каде што таа вода не е овозможени на моја голема радост , во едно мало село Орман , да кажам малку и од локален аспект, вода за пиење е донесена минатата година. Овие средства можат да бидат ставени во функција, до колку сум добро упатен а не велам дека сум, меѓутоа мислам дека нешто разборам, од разговорите, и од ваквиот вид поддршка за РМ од ЕУ. Сето тоа беше, пред да биде склучен Договорот за стабилизација и асоцијација. Акцент се стави бидејќи и согледувањата се тие во источните реони и јужни региони од Македонија. Економската пасивност е поголема. Затоа се такви акцентот врз тие краишта. Желбата е исто така, водите кои се влеваат во Реката Вардар да бидат на некој начин со помало загадување. Ние нема да ја постигнеме чистотата која во Европските држави е норма од 97%, но ние имаме дефинитивно,

подобра животна средина, со спроведувашето на овие мерки. Тука нема ништо спорно. Јас незнам зошто постојано се вртиме во некоја насока на маркетинг. Ова за мене е обрнување на внимание на ЕУ да се даде поддршка и на тој начин, ние да бидеме и еколошки приближно до тие стандарди. Ништо повеќе од тоа. Тоа не значи дека ќе бидат спречени сите проблеми, мегутоа, мислам дека за чиста вода укажувашето е на место . Убаво е ние да поведеме расправа каде ја. има чистата вода за пиење и каде ја нема. Но, големите агломерации , барем за наш поим , бидејќи урбанизирањето оди стихијно, последните децении кај нас , а тие големи аголомерации носат со себе и загадување на средината. По некоја година ќе има елаборација, како тие проекти биле вградувани . Јас претполагам дека нема да може да се тврди дека дошло до растурање на средства, дека корупцијата однела поголем дел, односно голем дел од тоа, така што тука ќе имаме дополнителни можности да ги претресеме состојбите.

Точно е тоа дека и во Радовиш , со ископите од Бучин , некогаш доаѓа до големи катастрофи. Но, ние неможеме со оваа точка што е сега на дневен ред, таквите проблеми да ги решиме. Доволно е да направиме мали чекори , кои, збирно ќе ни покажат дека сме направиле добра патеика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам г-динот пратеник Јордан Бошков.

За збор се јави г-динот пратеник Филип Петревски.

**ФИЛИП ПЕТРЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе,

Јас немав намера да се јавувам да дискутирам во врска со овој Зкон. Очигледно дека ќе гласам за овој закон, меѓутоа, многу ме инспирираше дискусијата г-динот Чифлиганец, па решив да продискуирам малку, односно да му појаснам некои работи кои нему не му се јанси. Кога објаснуваше заменикот министер Додевски, што сега не е присутен за да му одговори, сакам да го потсетам г-динот Чифлиганец дека министер за животна средина е г-динот Џаберски. Јас незнам г-динот Чифлиганец зошто незнае кој бил министер.

Понатаму, г-да министри од Влада на ВМРО-ДПМНЕ оваа Влада ја сочинуваат и министри од други партии. Едноставно, беше многу пријатно да се луша овој предизборен маркетинг и затоа, морам да му кажам на г-динот Чифлиганец дека сега не е времето за избори, бидејќи се соочуваме со големи проблеми од безбедносен план и доколку се ра-дува дека ќе има наскоро избори , треба да се подготвиме да ја браниме државата, а потоа да одиме на избори.

До колку тој не знае од кога функционира оваа Влада и како функционира, односно како е поделена власта на територијата на РМ јас мислам дека луѓето во Радовиш, тоа го знаат и сметам дека се сувишни овие дискусии.

Бидејќи очекувам реплика од таа страна, јас ќе бидам подготвен да одговорам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Човекот што зборува од оваа говорница треба за тоа што го кажува да ме гледа во очи, а сите вие да ме гледате во очи.

Прво, јас сум пратеник во Собранието на РМ , да ги заштитувам граѓаните кои ми дале мандат. А тоа се граѓаните од Општината Радовиш, од Општината Конче, и Месната заедница Радовиш.

До колку вие мислите, без разлика на која партија и припаѓате, да си ги штитиме теснопартиските интереси, дали тоа се однесува за ВМРО-ДПМНЕ, или за некоја друга партија, вие сте ја погрешиле "адресата" и таа грешка ја направил електоратот што ве избрал . Тоа треба да ни биде јасно како што се : "Два плус два четири". "Два плус два, не се четири, пет, или четири, нула еден ". Јас во било кој состав , или во било која Влада , ги застапувам интересите на граѓаните на РМ.

Второ, ако ние мислиме , а јас не го мислам тоа за вас г-дине Петровски, јас се прашувам како Ванчо Чифлиганец во 2001 година на 29 август, граѓаните на РМ да немаат вода за пиење , а кажав за кои месни заедници тоа се однесува, а ние овде да седиме и да ги притискаме копчињата за да гласаме за нешто, мислам дека тоа не е во ред.

Трето, јас знам дека ова е банално прашање за што ние расправаме. Безбедносната ситуација не само што е неповолна, туку и супер неповолна. Меѓутоа, до колку ние расправаме како Парламент, ние треба посебно да го разработиме тоа прашање. Да ме извинете, јас не реков за некоја партија, туку барав тоа да ми се објасни од ресорните министерства.

Четврто, јас знам дека г-динот Џабирски е министер на Министерството за животна средина и просторно планирање, меѓутоа, исто така знам, дека г-динот заменик министер Додевски беше пред тоа две години и два месеца министер на

ресорното министерство, ме-ѓутоа нека бил и два месеца, а исто така, беше загрижен за судбината на овие месни заедници во Радовиш: и за месната заедница Тополница, и за Бучим и за Ораовица.

Јас сега ве прашувам:"зарем може, една Месна заедница од 2000 жители , како што е селото Ораовица, да биде со недели, и месеци без вода за пиење, а нивниот пратеник Ванчо Чифлиганец да молчи во Собранието на РМ".

Мене не ми треба политички маркетинг , ниту сакам да го правам. Меѓутоа, сакам да одговорам за времето на мојот мандат во тој дел во Собранието на РМ.

Меѓутоа, со вас г-дине Филип Петровски, можам да зборувам за војната, за науката, за економијата, за бизнисот, за се што ги тишти граѓаните во РМ. Можеби, неможам да бидам претставник во Конзулатот во Њујорк и тн. затоа што не сум "продолжена рака" на никој но, за економијата , за интересите на граѓаните, не само за граѓаните на Радовиш туку и за граѓаните на Прилеп, Битола, Тетово, Охрид и дури за товое Куманово, што со денови немаше вода за пиење можам да разговарам, а вие сега ми кажувате за некаков политички маркетинг.

Така што, јас сум спремен со вас да се натпреварувам и од оваа парламентарна говорница, а и на дело за средината каде што на-родот пати , за прашаша што ,ние благовремено не ги решаваме, без оглед кој е на власт. Меѓутоа, сега, ресорното Министерство за за животна средина е должно за Радовиш и за Општината Конче да обезбеди вода за пиење.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас ќе почекам вие да седнете, за да ме гледате право во очи, затоа излегов да ви кажам од говорница.

Г-дине Чифлиганец, многу ви благодарам што ме инспириравте на реплика. Еве ве гледам во очи, да не мислите дека има некој проблем, па можете да ме хипнотизирате.

Да ви кажам дека јас многу внимателно ве слушав за тоа што кажавте, па затоа јас ќе ви реплицирам, а вие повторно можете да ми реплицирате, и ќе продолжиме вака еден со друг да се убедуваме.

Јас сум многу изненаден што вие сте толку загрижени и сфатливо ми е што вие сте загрижени за вашата изборна единица, бидејќи, кога ве слушам од место од овдека, навистина, мислам дека нешто ќе постигнете. Меѓутоа, вие знаете дека многу е лесно да из-лезе човек на говорница и да кажува "балалајки" , а да го заборави минатото. Вие бевте шест години директор на"Бучим". За време од тие шест години излезети и кажете од оваа говорница колку злато изнесовте од Македонија. Тоа е една работа. За тоа неморате да ми одговорите, меѓутоа, тоа народот го знае.

Втора работа, сакам исто така, да ве прашам зошто за време од тие шсет години успеавте да создадете лична"империја" и да "перете пари" , и да изнесувате надвор од државата злато и сребро, па затоа сеуште не го решивте проблемот во вашата Општина. Па затоа, сега ќе бидете избран и понатаму ќе имате мандати во Парламентот. Затоа, денеска се обидовте да направите кампања, меѓутоа изборите сеуште не се отпочнати.

Трета работа која сакам исто така да ја истакнам, меѓутоа, јас не ве разбирам . Вие сте биле и независен пратеник, а јас сум бил нечија "продолжена рака".

Г-дине Чифлиганец, од петок се отвора процедура за промена на Уставот. Кога вам г-динот Бранко Црвенковски ќе ви каже да го менувате Уставот и да ја избришете клаузулата за македонскиот народ во уставот, и овдека да гласате да се зборува на албански јазик , тогаш јас ќе ве видам вие како ќе гласате и ќе ве видам колку вие сте независни.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Прво, јас за Уставот несакам да зборувам. Исто така, несакам да зборувам ни за нашиот лидер на Партиајта.

Што се однесува до вашата загриженост за "перењето пари" овде е министерот за финансии и тој нека докаже и нека ме стави прв на листата дека г-динот Чифлиганец "перел пари" и мандатот веднаш ми се одземе.

Тоа е прв заклучок. До колку Ванчо Чифлиганец приватно или службено "перел пари".

Второ, г-дине Фили Петровски, кој е успехот на еден човек граѓанин,) или менаџер: нешто да произведе, да го извезе и да донесе девизи во нашата држава. Тоа е успехот. До колку тоа не ви е познато нека ви одржи предавање министерот за финансии.

Исто така сакам да ви кажам дека јас не бев директор шест години туку бев повеќе. Во РМ има претседатели, кои раководат кои за државата не донеле никакви девизи, а биле на функција многу повеќе години. Меѓутоа, јас не бев само шест години директор, туку бев 11 години.

Ниту еден денар на државата не и затаив. До колку сум затаил, г-дине министре , Ванчо Чифлиганец веднаш да го затворите. Јас не сум затаил ни еден придонес спрема државата. Вработените, каде што јас ум бил имаат 13 пати повисок животен стандард . И се што се направи во Општината Радовиш, се направи со"благослов" на 800 вработени, преку Бучим на чело со Ванчо Чифлиганец. Доколку нешто сум му погрешил на народот, можете да ме затворите. Кажете за некое поуспешно претпријатие , или компанија од Бучим. Меѓутоа, тоа не е само успех на Ванчо Чифлиганец. Тоа е и успех на сите вработени и како резултат на"амбиентот" што го имаше РМ: институции, држава, власт. За тоа седевме заедно сите во овие парламентарни клупи. Мислам дека тоа е веќе "излитена работа". Депласирано ,"ти тоа направи, ти ова направи". Доколку, тоа не се потврди со факти кој што направил, за време на својот мандат, не ќе можеме повторно да се вратиме во овие пратенички клупи. Немојте да се однесуваме како"големи деца". Но, вие сте млад човек, меѓутоа, не сте "големо дете на улица". Неможе сега ти мене да ми кажуваш: "чекај сега ти што си направил". Јас сум направил не само за Радовиш, не само за Македонија, не само на Балканот, туку како менаџер , за Европа и светот. За тоа ние треба да бидеме сите "потковани" и подготвени. Освен тоа, треба да сме и хумани. Јас сакам мојот пратенички мандат да го оправдам пред граѓаните кои ми ја дале довербата. Ако тоа "ве боли" , доколку за тоа треба да молчиме, мислам дека тоа не е во ред.

Меѓутоа, јас верувам дека г-динот министер за финансии ќе најде време и ќе најде малку средства за овие месни заедници , кои се најзагрозени во Општината Радовиш. Јас не би сакал да се конфронтирам , имам дадено г-дине потпретседателе амандман, доколку биде прифатен, ќе се заблагодарам, доколку не биде прифатен, ќе чекам друга прилика, друга можност и верувам, дека ќе има расположени сили во овој Парламент. Инаку, за партии кој во која е, тоа воопшто не ме интересира. Јас едноставно, сакам да го оправдам пратеничкиот мандат , што ми е даден од овие граѓани. И не само од граѓаните на општината Радовиш и Општианта Конче, туку и за сите граѓани кои го имаат тој проблем и секогаш ќе се борам за тоа што треба да го има во овој милениум секој граѓанин. Тоа се знае, водата за пиење .

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**:

Се јавувам да му реплицирам повторно на г-динот Чифлиганец, Јас се слушнав со заменикот министер од ресорното министерство и тој ми рече нешто да ве прашам : дали се сеќавате за Општината Тополница бидејќи таа е исто така во вашата изборна единица. Дали вие сте биле некогаш таму? Јас сакам исто така, да ве запрашам, кога беше еколошката катастрофа 1998 година, односно најголемата еколошка катастрофа во тоа време, дали тогаш вие бевте таму Дали тогаш внимававте , како директор, од позиција на директор на тие граѓани кои сега, толку многу ги застапувавте, а исто така сакам да ве зап-рашам колку пати со ребалансот на Буџетот вие бевте"покривани" , односно колку пати беше покриван "Бучим" за времето кога вие бевте директор, а вие велите дека сте ја направиле многу успешна фирма. Сакам уште еднаш да ве прашам, затоа што во првата реплика вие не ми одговоривте: колку злато и сребро вие приватно изнесовте од државата, како директор на"Бучим". Колку што се сеќавам јас читав некаде, мегутоа тогаш бев помлад , пред да станам пратеник, дека сакаат да ви извршат атентат, дека вие сте човек со многу пари и дека затоа сакале да ве убијат. Сакам тоа да ми го објасните дали е вистина, или е тоа е само ваш маркетинг, а тоа го читавме во весникот "Пулс" . Да ве прашам, дали тоа го направиле затоа што мислеле дека вие сте чесен човек , и дали тоа го направиле затоа што во оваа држава неможе никој да заработи нешто од државна фирма , која се си плаќа регуларно како што треба, или затоа што, луѓето -мислеле дека вие нешто криете и дека нешто сте тргнале"настрана", '. фирмата, што ја водевте.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Го молам колегата Филип Петровски уште три мобилни да го потковат убаво да се спротивстави на пратеникот Ванчо Чифлиганец гранитег македонец.

Што се однесува до извозот еве имате ресорни министерства, имате инспекции, имате државни безбедности, се е во ваши раце. Се можете да направите. Во тоа повеќепати сум ви одговорил вие доволно сте неинформирани што можете овде да зборувате што сакате а ние аргументирано да Ви одвраќаме. Да ви кажев тоа, да ми кажете сега пак пред јавноста да се појавам. немаше пари што може тоа да го направите.Така да се што е извезено легално е извезено. Ако вие мислите нешто не е можно да покренете вие сте за тоа

махери, за тоа ќе бидете високо наградени од некого. Што се однесува колку пати отидов во селото Топлница сигурно повеќе него ли од било кој одговрен субјект во последните две години и нешто и во Бучим и од државните институции. На денот на катастрофата тоа што вие добро сте упатени во селото не Топлица, него село Тополница со мешано население, турска националност и македонска бев 15 минути после настанокот. Тоа беше во 10, во 10,15 таму бев. И кој знае колку пати бев. Сите привилегии благодети на оваа држава што сте го осетиле го осетија преку рудникот Бучим. А јас се прашувам за овие две години што е направено. Коце молимте напишиму, оти пак ќе ги измеша работите.

Јас најодговорно тврдам, овде има менаџери, кога е Бучим дотеран од државата за последните 11, 15 или 20 години од ребалансот, па вие сте пратеник, вие треба македонската нација држава да ја застапувате во Њујорк,тоа бар така, тоа се најголемите лажи што сум ги слуш-нал за последните 45 години од кога сум се родил и од кога паметам. Па господине министре, зошто дозволувате ваши пратеници, не е министерот овде, такви лажи пред јавноста да издава. Па и вас утре ќе ве издаде.

Рудникот Бучим никогаш не е подмируван загуби, ниту под некои институции од страна на државата. Работеше економски. Тоа беше успех на сите вработени и на институциите на државата. и немојте такви лажи овде да давате пред македонската јавност. Ние не сме за една употреба, ниту мислам дека вие сте за една употреба. Напротив, вие сте млад човек, ќе научите како се работи, и како се однесува и после можете да седнете рамноправно да разговарате, не само со мене и *со* многу голем број на пратнеици и од Вашата партија и од другите партии.

Али такви лаги да пласирате, мислам, тоа навистина на ништо не личи. И јас можам се и сешто да кажам, и може биќе бидам во право, ами не ми дава мојата човечка или политичка или необична граѓанска култура од оваа парламентарна говорница да ја злоупотребувам.

Ние треба без рзалика, дали ти лично или некој друг или група на луѓе па и партии, не сакате или ве сакаме, ние требаме на оваа држава, да ја браниме оваа држава. Оваа држава треба такви како вас, и како нас и како сите, без разлика кој е помалку или повеќе способен. Али овде така да се девалвираме, негираме, мислам дека тоа на ништо не личи господо.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАН0ВСКИ:**

Последната реплика трае 10 минути, Ве молам.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Па вие дозволувате лажни...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не,па за лагите ке говориме другпат.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Стално претите, стално... па дајте обесете не некаде, да не нема во Македонија и готово. Постојано претете. Што е оваа работа.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Јас сакав да интервенирам само процедурално. Имено, јас воопшто сметам дека не сум казнет, да се наслушам секакви работи кои се поврзани и со лични фрустрации на некого и мислам како претседавач вие требаше да интервенирате. Имено.ние имаме тука конкретна точка за која можеме да расправаме. Поинаку ако не сакаме да расправаме, јас лично немам расположение да ги слушам работи кои сметам дека понадлежни се неуропсихијатри. Ако се сака да се расправа и за оваа тема, корупцијата нека се стави на дневен ред, па ќе се запрашаме како е можно последниве две години милијарда марки да исчезнат од Македонија, па ќе се потрудиме да дадеме одговор. Молам, да се придржиме кон дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека во таа смисла ги опоменав, Филип остануваш ли ти последен.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се повлекувам.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници. Јас еве ќе го подржам овој закон иако сметам дека, вистина во Македонија има многу места кај што многу градови, многу општини кај што треба да се помогне за изградба на инфраструктурни објекти, посебно на водоводи, канализации, итн. Посебно,еве, толку години нели,Македонија е самостојна држава, уште да има места, градови нели каде што недостига вода, нема електрична енергија, нема пат, нема асвалтен пат, посебно. Карактеристично е тоа посебно, во источниот дел на Македонија. Јас се согласувам дека во Радовиш посебно, бидјеќи јас од таму потткнувам, еве тие села да речеме се загрозени со недостигот на вода за пиење. Меѓутоа во времето на господинот Додовски, во селото Ораовица, господине Чивлиганец

е направена канализација, вода Ораовица, Радовиш и селата немаат од вчера туку подолго време недостига вода. И тоа уште како не достига вода. Често пати вашите кампањи беа,ке ви направиме вода, ке ви дадеме толку илјади марки, вие ако сакате ставете вода, секој не можете и да ги испиете дури, буквално така еве во селото Калугерци сте го правеле тоа. На вашиот избор на кампања, на промоцијата ваша.

Инаку вие како директор на Бучим,на еден толкав гигант, кој што вртеше голку голема пара, можевте Радовиш да го направите и радовишката општина - рајска градина, сигурно. Осумстотини велите луѓе вработени, тоа се осумстотини семејства, тоа е една третина од населени-ето на Радовиш. Зарем Бучим не заслужува да им направи водовод Радовиш. Не само Бучим, Радовишкото стопанство многу малку се грижеше за радовиш-ката општина. Од Југотутун Радовиш, Јака-табак сегашен, тешки милиони денари памтам на времето се враќаа во буџетот, не можеа да ги потрошат, не ги употребуваа за да се унапреди животната средина во Радовиш. Да се потпомогне стопанството. Егоистички за себе гледаше само Јака-табак, како и тоа што го правеше Бучим. Секоја чест морам да ги пофалам, ресенчани кои што многу направија за нивната општина. Сега еден статистички податок гледав, за вработувањето посебно таму е изразено тоа стопанството остана на нога, живее, работи, можеби во многу потешки услови, али најмала безработица таму има. Таму е најголемо вработувањето во општината. Нашите радовишки политичари, бизнисмените како Чифлиганец направија да дојде па ова дереџе радовишката општина да ви кажам.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ова е надвор од предметот на расправање.

Говориме за ратификација на договор. А ние расправаме дали некој има вода или нема. И, ако продолжите и натаму ке ве отстранам од говорница.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Мислам бев поттикнат од дискусијата претходна,во селото Калуѓерица е повеќе направено него било кога во претходниот втор мандат на овој парламент од местото каде што е роден Илија Лазаров. Кој го на-пушти без асвалт, без вода, без тоа, кога требаше да се избере за прате-ник, отиде вода и сето тоа, и ако во тоа село најмногу некој помогнал ние најмногу помогнавме во институциите и претпријатијата. Рудникот Бучим таму толку инвестираше и во целата општина мнмогу повеќе него ли било која компанија на Балканот и Европа, а за илустрација пример, за последните две години, два месеца кажете дали еден денар инвестирал во развојот инфраструктура или економски стопански развој во општината.

Што се однесува до Бучим, вие сте многу загрижени госпо-дине Лазаров, јас ве прашувам вашиот мандат како пратеник во што го искористивте и насочивте овие неполни три години.

Дали за развојот на општината, од каде сте од Кисела Вода или за развојот на Радовиш, или за личниот ваш и фамилијарен бизнис.

Ве молам извадете, па да видите вашиот бизнис пред да дојдете пратеник. и кога не сте пратеник. А вие ако мислите да го вратите пратеникот Ванчо Чифлиганец и народот и општината од која произлегувам, мислам дека тоа не го заслужуваме.

Што се однесува до Јака-табак, итн., тоа е излитена работа и којзнае по кој пат вие овде дискутирате. Ние јасно и гласно зборуваме сакам основна елементарна хуманост да покажеме на граѓаните од општина Радовиш и Конче. Стотина илјади евра издвоите г-дине министре вода за пиење да има наредните два месеца. Пролетта ќе го решаваме проблемот. Тоа е прашањето. Не е прашањето да се враѓаме дали јас повеќе мислам или вие помалку мислите. Напротив, сите треба да мислиме. Сега што некој замолчува да биде добар пратеник, јас не би сакал да замолчувам. Ве молам, еве по амандманот 100-тина илјади евра да се пронајдат.

**КОТЕВСКИ ЃОРГИ:**

Почитувани пратеници. Мислам дека излеговме надвор од сите норми. Не зборуваме за точката која е на дневен ред, и се вовлековме во една стапица која нема крај. Ве молам, за малку тишина ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, никој не може никого да го натера со сила да седи. Се договоривме до 18,30 ајде да го почитуваме барем тоа време што го договоривме.

**КОТЕВСКИ ГОРЃИ:**

Дозволете ако сакате да го кажам моето мислење зошто станав,да дадам еден предлог,ние овде во парламентот како пратеници од изборните единици не можеме да правиме натпревар или да правиме програми и провети кој како да помогне во својата изборна единица. Тоа се прави на

ниво на држава. Се прави стратегија, или се прави било каква програма. Тогаш се става на приоритет кои се тие места најзагрозени, дали се за вода, дали се за канализација, дали се за пречистување на тие води, тоа треба да биде направено на државно ниво. А не ние овде сега адхок имаме ние еден закон, кој по било која основа е предложен од страна на Владата и ќе го прифатиме како таков и јас лично го прифаќам, меѓутоа, не прифаќам ваков гол натпревар пред граѓаните на Република Македонија. Јас можам сега конкретно да ви кажам од Битола и битолско колку села немаат ни вода, ни канализација. Нема ефект од таа работа. Ако државата тоа не го стави на преден план, под посебна стратегија и сите овие донации или други програми што доаѓаат да ги насочува врз основа на таа стратегија,залудно е овде што се расправаме. Ќе го прифатам овој закон.

Благодарам. И да прекинеме со ваквите оговаранции.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, ние денеска пред да продолжиме со 78-та седница се договоривме дека ќе работиме до 18,30 часот. Очигледно расправава зазеде непосакан правец. Јас предлагам пратнеиците кои што се јавија надвор од точката што е на дневен ред да се повлечат во интерес на времето да завршиме денеска со таа точка, за да може утре да преминеме со другите точки што се на дневниот ред.

Збор бара пратеникот Батковски:

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Ви благодарам почитуван потпретседателе, почитубван министре, почитувани колеги пратнеици.

Јас сакам да изнесам свое размислување во врска со овој предлог закон и на некој начин оваа инспирација од оваа дискусија што беше на претходните дискутанти.

Да кажам дека овој предлог закон, ова задолжување овие пари што ги дава Владата на Република Португалија треба да се поздрави и верувајте дека ние овдека низ овие дискусии треба некои работи да ги сватиме поинаку. Затоа што проблемите на загаденоста на човековата околина се глобални.И верувајте овдека не може да стане збор за некои селски населби што имаат проблеми итн., овдека проблемите конкретно со Велес па тука е и Штип. Тие се толку изострени во нашава држава што верувајте  кај нас најмногу е загрозен и флората и фауната па и човекот. Ако ви изнесол некој податоци кој што зборуваат дека кај нас се јавуваат одредени генетски деформации и во растителниот и во животинскиот свет па и во човекот конкретно на овие подрачја поготово тука е изразен Велес,тогаш со право овдека овој закон ние треба да го прифатиме, да го подржиме со тоа што уште еднаш би нагласил дека овие донации што ги даваат овие држави не случајно е одбран Велес односно и Штип тука. Затоа што ќе повторам уште еднаш проблемите на загадување се глобални и фактички Република Португалија и овие другите што ги даваат донации за човекова околина тие фактичкипреку Велес се штитат и самите. И така ние треба да го сватиме и во оваа смисла јас го сваќам барањето односно револтот на професорот Чифлиганец. Неговата изборна единица итн. Има и други изборни единици, можеби со уште поизострени проблеми. Меѓутоа, сепак загаденоста на човековата околина е глобален проблем кој што ние треба и така да го гледаме.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам и на вас.

Збор бара пратеникот Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Благодарам.

Господине потпретседателе, колеги пратеници, Јас донекаде и неможам да ги сватам дискусиите на колегите кои што инсистираат да се поистовети секоја општина со Велес. Очигледно дека најваројатно дека не го имаат во предвид фактот дека во Велес имаме загадување на трите медиуми на еко системот вода, воздух и почва, индустријата го прави своето. Она што се случуваше во изминатите месец и половика со топилницата исто така,допринесува за таквото загадување, па дотолку повеќе што и водата за пиење нема никаков  и тоа што е изградба на хидросистем "Лисиче" мојата интервевенција беше и претходно да се забрза таа работа,заради тоа што првата фаза од таа изградба сега нема да ја видиме или ке пропадне ако тоа не се работи поекспедитивно на вложување на средства со кои што Велес ке добие вода за пиење. Со сема е исправно во поделбата на средствата кои што се од оваква помош, и од оваков вид дека треба да се направи една табела на приоритети. Не е тоа што јас поттекнувам од Велес и живеам во Велес, туку едноставно ако се зборува за приоритети убедена сум дека нема конкуренција на приоритет на Велес.

Заради тоа што не е едноставно тоа што Велес е прогласен за црна дупка на еколошката карта. И кога тоа е земено во предвид таквите средства се наменети јас апелирам да се поддржи овој Предлог на закон овие средства да стигнат таму каде што се наменети а со тоа барем етапно чекор по чекор да се подобри живеењето во таа средина за која што општо познато е до кој степен е загадувањето.

Ви благодарам.

**SВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Поргугалија по договорот за проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина" во општините Велес и Штип.

Ве молам да гласаме.

Од 75 пратеници 67 гласале за, 2 воздржани, 6 против. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме. Од 79 пратеници, 68 гласале за,воздржан 1 против 10.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Ванчо Чифлиганец поднесе амандмани на насло-вот на Предлогот на законот и на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот, поднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор бара предлагачот.

**ВАНЧО ЧИГЛИГАНЕЦ:**

Јас би го повлекол мојот амандман од причини што очигледно можеби не е во најдобар контекс срочен, очигледно нема расположение, но ги молам ресорните министерства при Владата на Република Македонија првата можност да се вгради општината Радовиш и Конче и месните заедни-ци Ораовица, Ињево, Конче, Securityница, Бучим и тн.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, опднесен од пратеникот Ванчо Чифлиганец, со кој се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. (Реакција од салата дека амаднманите се повлечени). Пратеникот Чифлиганец не кажа дали ги повлекува двата амаднмани. Значи двата ги повлекувате.

Пратеникот Ванчо Чифлиганец ги повлекува сите амандмани што ги предложил.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 80 пратеници, 72 гласале за, 1 против, 7 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Република Португалија по договорот за проектот "Акциона програма за унапредување на општините и животната средина" во општините Велес и Штип.

Почитувани пратеници, денеска ја прекинуваме работата на Собранието, ќе продолжиме утре во 11,00 часот. (Седницата прекина во 18,35 часот)

(Реакција од страна на министерот за финансии.)

Ве молам уште малку, збор бара министерот за финансии. Ве молам седнете уште малку. (Пратениците се на нозе)

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратнеици, има уште три или четири точки од денешната седница кои се прилично итни, па доколку ги поминеме и тие денеска утре ќе биде слободен ден за пратениците, па да ја погледнеме и таа варијанта.

(Реакција од пратениците некои се согласуваат да се про-должи седницата, некои не, но сите се станати) .

Јас би ви предложил ако се согласите, да ги завршиме денеска уште три четири точки така што на некој начин утре ќе имаат слободен ден пратениците, а и работата ќе биде завршена.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине министре, времето беше планирано до 18,30 часот, расположението на пратениците беше такво....

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако има расположение, зошто да не се завршат побрзо работите, плус времето утре може да го искористат за нешто друго и пратениците и јас конкретно.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Еве и јас исто ги замолувам пратениците ако сакаат и ако има расположение да се продолжи во ред.

(Пратениците не се согласуваат)

Утре во 11,00 часот продолжуваме со работа.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не, не, продолжуваме, се согласија да се продолжи. Зошто? Сите се вратија.Зошто да оставаме за утре да се расправа, повторно да се губи време кога може вечрева да се заврши.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине министре, јас им дадов збор на координаторите на пратеничките групи и затоа ве молам утре во 11,00 часот да дојдете да ја завршиме седницата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Како што гледам седнаа сите пратеници.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Утре, ако денеска не бидеме принципиелни и да си застанеме на зборот.

(Седницата прекина со работа во 18,40 часот).